УДК: 904:738.6.033.1(497.733)"3/5"
904:738.6.046(497.733)"3/5"

Иле Велков
ilevelkov993@gmail.com

# ТЕРАКОТНИТЕ РЕЛЈЕФИ
## АНАЛИЗА НА МАТЕРИЈАЛОТ ОД КОЈ СЕ НАПРАВЕНИ, ПРОЦЕСОТ НА НИВНАТА ИЗРАБОТКА И ОТКРИЕНИТЕ НА НИВ ТРАГИ

*Апстракт.* – Виничките теракотни релјефи се едни од најзначајните културно-историски материјални остатоци од минатото и тие се единствен ваков вид на релјефни плочки кои се среќаваат на нашите простори и пошироко. Токму поради нивната посебност, тие долго време се предмет на дискусија во науката, а прашањата кои се отвараат кога станува збор за нив се многубројни. Во овој труд ќе посветиме внимание на теракотните релјефи од Виничко Кале, но ќе се задржиме на материјалот од кој се направени, процесот на нивната изработка и трагите кои се откриени на нив. Овие анализи се направени врз база на досега познатата научна литература, но и врз база на набљудување на овие значајни артефакти. Одговорите од прашањата кои се провлекуваат во овој труд, даваат одговори или ги потврдуваат веќе постоечките и укажуваат на значењето на виничките теракоти.

*Клучни ѕборови.* – Виничко Кале, теракоти, релјефни плочки, иконографија, изработка, писмо, работилница, траги.

Керамичките релјефи или познати уште и како теракотни релјефи претставуваат ексклузивни археолошки наоди кои се пронајдени на локалитетот Виничко Кале[1], Виница Р. С. Македонија. Виничкото Кале

[1] Повеќе за овој локалитет види: Грбиќ, М. "Археолошки наоѓалишта во Македонија". *МКДМ,* I, бр. 9, (1954), 115; Гарашанин, М.- Гарашанин, Д. "Археолошке белешке са рекогносцирања у Источној Македонии". *ЗШНМ,* I, (1959), 69; Крстевски, Ц.- Белдедовски, З. "Рекогносцирање и наоди околу Виница 1978". *Macedoniae acta archaeologica,* 7-8, (1987) 154-157; Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија,* Таберна-

всушност претставува доцноантичка тврдина која се наоѓа во внатрешниот лимес по текот на р. Брегалница, живот на овој локалитет имало и во антиката, а продолжил и во словенскиот среден век.[2] Исто така траги на живот на овој локалитет се среќаваат уште од праисторијата, односно младото камено време-неолитот.

Овие керамички релјефи претставуваат една од најголемите скапоцености на македонското културно наследство. Воедно тие претставуваат и исклучително дело на уметничката креација од времето на почетоците на христијанското ликовно творештво. Исто така тие, според автентичниот начин на изработка и оригиналните иконографски одлики, се вбројуваат помеѓу најексклузивните творечки достигнувања на ранохристијанската уметност.[3]

Со рекогносцирањето извршено во 1978 г. во Виничко, било утврдено дека на Виничкото Кале дејствувале диви копачи, при што била откриена еднокорабна базилика и фрагменти од архитектонска пластика. Во близина на оваа еднокорабна базилика биле откриени два идентични керамички релјефни направени со калап на кои е прикажан Св. Михаил и биле откриени уште шест фрагментирани икони.[4] Овие теракотни плочки биле изработени како релјефи изведени во техника втиснување во глина, која потоа била печена.[5]

Во 1985 г. започнале заштитни археолошки истражувања на споменатиот локалитет при што била откриена депонијата на теракотните релјефи. На длабочина од 150 сантиметри се појавила депонијата која зафаќала простор од 2 метри квадратни и во неа биле откриени 26 цели

---

кул, Скопје, 1995, 42-48; Димитрова, Е. *Виничката мистерија-Керамичката ризница од доцно античкото кале*. Виница, 2012, 91-106 и Jakimovski, A. Manaskova, M. "A proposal for a new dating of the terracotta reliefs from the archaeological site Vinicko Kale". *Ephemeries Napocensis*, XXXI, (2021), 275 и Манаскова, М. *Хомеровиот Ахил во христијански контекст примерот на теракотите од Виничко Кале*. Виница, 2024, 3-17. За Виничкото Кале во раната антика види кај: Крстевски, Ц.-Соколовска, В. "Виничко Кале во раната антика". *Macedonia acta archaeological*, 20, (2011) 245-253

[2] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница-прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија*. ИИСК, Прилеп, 1989, 133

[3] Димитрова, Е. *Керамичките релјефи од Виница*, Ѓурѓа. Скопје, 2000, 3

[4] Мелоски, Х. "Керамичките икони од Виничко Кале", *Жива Антика, Посебни изданија*, 9 (1991), 179. Повеќе за историјатот на откривањето на овие керамички релјефи види кај: Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија*, 42-48 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија-Керамичката ризница од доцно античкото кале*. 13-17.

[5] Крстевски, Ц.- Белдедовски, З. "Рекогносицрање и наоди околу Виница 1978". 155

и околу 50 фрагментирани релјефи.[6] Додека пак со текот на ископувањата на самиот локалитет Виничко Кале, кои продолжиле и во наредните години (1986, 1987, 1988 и 1989 г. и во периодот од 2008 до 2011 г.[7]) биле откриени 40 (според К. Балабанов 50) цели релјефи и стотина фрагменти.[8] Академик Б. Алексова е на мислење дека овие керамички релјефи всушност бил градежни тули кои на едната страна имаат релјефни претстави, а на другата (задната ) малтер.[9]

Ваков вид на релјефи не е познат од други региони па според тоа, процесот на нивното проучување бил доста сложен, а токму таа сложеност ги карактеризира како единствени вакви видови од раното христијанство. Релјефите биле пронајдени помеѓу една колонада со столбови и еден темел, односно покрај бедемите на тврдината, а биле фрлени заедно со останат градежен шут. Од овде произлегуваат и се поставуваат многу прашања кои се уште со сигурност не се одговорени. Она што е познато е тоа дека теракотните релјефи се застапени во два формата: правоаголен со димензии 32x20x4,5 cm и 33x29x4 cm и квадратен 31x29x4.5 cm и 30x28x4 cm.[10] Тежината на целите теракотни релјефи изнесува од 7.200 гр. до 7.600 гр.[11]

Во релјефниот медиум на аверсот на овие керамички релјефи можат да се заблежат ликовни претстави кои содржат антропоморфни, зооморфни и графички иконографски мотиви. Антропоморфните мотиви биле изведени во фигурална варијанта и се среќаваат прикажувања на еден или повеќе ликови, додека кај зооморфните и фитоморфните прикази, формите на животните и растенијата се нагласени во централната позиција и се со маркантни димензии.[12]

Меѓу целите и добро зачувани релјефи, како и меѓу бројните фрагменти досега се евидентирани дваесет различни иконографски

---

[6] Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија*. 45

[7] Jakimovski, A.- Manaskova, M. “A proposal for a new dating of the terracotta reliefs from the archaeological site Vinicko Kale“ 277

[8] Мелоски, Х. „Керамичките икони од Виничко Кале“. 179 и Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница...*, 133. Спореди и Балабанов, К. *Теракотните икони...*, 51

[9] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница*. 133-165

[10] Мелоски, Х. „Керамичките икони од Виничко Кале“. 179, Димитрова, Е. *Виничките теракоти*. 5 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија*.14

[11] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност* (*по повод на отворањето на првиот музеј во град Виница*). Музеј на град Виница, Виница, 2006, 36

[12] Димитрова, Е. *Виничката мистерија*. 14

теми.[13] На овие теракотни релјефни се среќаваат претстави на поединечни светители или пак претстави на светители во група (два, три или четири лика). Понатаму се среќаваат претстави на теми инспирирани или тесно поврзани со Давидовите Псалми, а исто така се застапени претстави на теми од Стариот Завет. Кај оние тешко оштетени релјефи, кои биле пронајдени во фрагменти поради некомплетноста и тешките оштетувања тешко е да се идентификуваат темите кои се застапени.[14] Најмногу застапена иконографска претстава е онаа на Архангел Михаил, додека потоа следуваат останатитет претстави на кои се среќаваат крстови, светители, библиски сцени, симболични претстави на животни.[15]

Секој од овие керамички релјефи, покрај иконографскиот содржи и текстуален дел изведен во вид на релјефен натпис, напишан покрај прикажаните ликови или пак обликуван како рамка која се наоѓа околу иконографската претстава. Сигнатурите и натписите на сите откриени примероци се испишани со латински букви. Овие латински натписи помагаат во идентификацијата на претставените ликови и ги содржат нивните имиња и карактеристичните титули. Исто така тие визуелизираат кратки текстови, односно стихови со религиозна содржина.[16] Ако ги погледнеме релјефите на одреден број од нив пред натписите стои релјефно изведен крст кој што упатува на нивното религиозно значење.[17]

---

[13] Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 95

[14] Види повеќе: Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 51 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 14-15. На виничките теркотни релјефи се забележани прикази на: Св. Теодор, Св. Христифор и Св. Ѓорѓи, Архангел Михаил, Даниел меѓу лавовите, Триесет и шестиот Давидов Псалм, Четириесет и вториот Давидов Псалм, Шеесет и петти Давидов псалм, Седумдесет и деветти Асафов Псалм, Осумдесеттиот Давидов Псалм-Лозовата пенушка, Јошуа (Исус Навин) и Калеб (Јошуа ги запира Сонцето и Месечината над Гаваон и Елон), Непозната композиција-три коњаника и еден стрелец, Старозаветна сцена, Лав, Контантиновиот Крст, Чудото на пророкот Елисеј, Исцелението на Товит, Лавот од „племето на Јуда".Види повеќе кај: Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 51-88, Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 107-247; Димитрова, Е. *Виничките теракоти,* 6-58 и Манаскова, М. *Хомеровиот Ахил во христијански контекст примерот на теракотите од Виничко Кале.* 18-30, овде види и за теракотниот Релјеф со престава на Ахил, 51-55. За иконографските особености исто така и кај Мелоски, Х. „Керамичките икони од Вничкото Кале". 183-185

[15] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница.* 133

[16] Види повеќе кај Димитрова, Е. *Виничката мистерија..* 15 и Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница.* 133. За палеографската анализа види кај Мелоски, Х. „Керамичките икони од Виничкото Кале". 181-183

[17] Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 15

Она што претставува посебно комплексен и проблематичен дел од проучувањето на овие теракотни релјефи всушност е временската рамка во која тие настанале, односно биле изработени. Во врска со нивното датирање од страна на истражувачите се произнесени различни претпоставки, па според тоа временската рамка во која тие биле изработени се сместува во периодот од IV до IX век.[18] Присутно е мислењето дека најбројната збирка на теракотни релјефи која била откриена во депонијта на Виничко Кале припаѓа на периодот VI-VII век.[19] Виничките теракотни релјефи исто така од истражувачите се датираат и во периодот од крајот на V и првите децении на VI век.[20] Сепак како хронолошка рамка во која биле изработени теракотите, од страна на поголем број истражувачи, во науката е прифатен периодот од средината на IV до крајот на VI век.[21]

После краткото запознавање со теракотните релјефи, местот каде биле најдени, иконографските и палеографските претстави, како и нивната периодизација, преминуваме на она што е предмет на проучување во овој труд. Имено, овде ќе се задржиме и ќе посветиме повеќе внимание на изработката на релјефите (кој ги изработил и од каков материјал се изработувале) и техниката на нивното производство. Стилските карактеристики и особености, формите на теракотните релјефи, оштетувањата на релјефите кои настанале под влијание на надворешни фактори ќе бидат детално обработени, проучени и презенитрани во овој труд.

Се поставува прашањето дали овие релјефи биле изработени таму каде што се најдени, односно дали тие биле изработени во некоја локална работилница (грнчарска и скулпторска работилница) која се нао-

---

[18] Ѓорѓиевски, Д. "Прилог кон датирањето на виничките теракоти". *Patrimonium,* V, (2012) 117; Jakimovski, A. , Manaskova, M. "A proposal for a new dating of the terracotta reliefs from the archaeological site Vinicko Kale". 276. Крстевски, Ц.- Белдедовски З. ги датираат во рановизанитскиот период, односо во V вке. Види: Крстевски, Ц.-Белдедовски, З. "Рекогносцирање и наоди... ".157

[19] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 29

[20] Димитрова, Е. *Виничките теракоти.* 52-56 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 258-259

[21] Види повеќе: Jakimovski, A-Manaskova, M. "A proposal for a new dating of the terracotta reliefs from the archaeological site Vinicko Kale". 277-280; Мелоски, Х. "Керамичките икони од Виничкото Кале". 179-185 (од крајот на IV, почетокот на V или во VI век). Повеќе околу датирањето на виничките теракоти види кај: Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 19-24

ѓале во населбата која егзистирала на локалитетот Виничко Кале или пак биле донесени од некаде. За да добиеме одговор на ова прашање треба да го земеме предвид материјалот од кој се изработени (глината) како и резултатите од хемиската анализа која била направена по откривањето на иконите. Освен ова, во прилог на одговорот на ова прашање од големо значење се и истражувањата на истражувачите кои се занимавале со оваа проблематика.

На прашањето дали теракотните релјефи биле произведени од локалните грнчари и скулптори можеме да дадеме позитивен одговор. Цврст доказ за ова е утврдувањето на потеклото на теракотните релјефи, однсно уште во 1989 г. била направена физичко-хемиска анализа која помогнала да се добие одговор на ова прашање. Имено, со оваа анализа се утврдило дека за изработка на овие релјефи била користела глина која била ископувана во околината на Виничкото Кале.[22] Ова е несомнено значаен факт и доказ во утврдувањето на потеклото на релјефите, односно укажува на тоа дека тие биле локален производ кој се произведувал и користел во населбата која се наоѓала и егзистирала на овој локалитет.

Во прилог на доказите кои посочуваат и укажуваат на тоа дека теракотните релјефи се од локално производство ќе наведеме уште неколку факти. Според мислењето на некои истражувачи овие релјефи, за кои кажавме дека се најдени во депонија, претставуваат технолошки шкарт. Тие биле селектирани според нивната технолошка исправност, а таа селекција се вршела кога процесот на нивна изработка бил целосно завршен.[23]

Според видот на оштетувања кои се присутни на релјефите може да се заклучи дека главно станува збор за физички оштетувања. Односно, во прв ред, тоа се оштетувања кои настанале во моментот кога самиот теракотен релјеф бил ваден од калапот, кога во некој дел отиснувањето не било рамномерно изведено, па на тој начин тој дел од теракотата бил со понизок релјеф во однос на оној што требало да се добие. Најчесто овие оштетувања се јавуваат на рамките каде што се наоѓаат натписите и сигнатурите.[24]

---

[22] Види детално: Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 29 и Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 93-94 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 262

[23] Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 92

[24] Исто, 92

Ако погледнеме подобро на самите теракотни релјефи можеме да забележеме и друг вид на оштетувања кои настанале кога глината се' уште била мека. Овие оштетувања биле направени од страна на домашните животни кои биле одгледувани во населбата која во дадениот временски интервал егзистирала на Виничкото Кале. Овие оштетувања се уште еден доказ дека овие релјефи не само што биле изработувани од глината која се копала од околината, туку се изработувале во самата населба, од локални мајстори кои најверојатно имале и своја работилница. Имено, на неколку релјефи на кои се забележани овие оштетувања, можат да се видат отпечатоци од стапки на кокошки, прасиња или јагниња. На три од релјефите се забележуваат отпечатоци од нозе на кокошки, додека пак на две икони се наоѓаат отпечатоци од нозе на прасе или јагне.[25]

Покрај овие два вида на оштетувања кои ги споменавме погоре, а се во прилог на докажувањето околу потеклото на релјефите, на истите се забележуваат и оштетувања кои настанале поради не внимание на мајсторот/мајсторите. Имено на сè уште влажните и недоволно исушени (или испечени) релјефи се среќаваат и оштетување во средишниот дел на левата и десната страна, кои настанале како резултат на притискање со прстите или дланките на мајсторите. Присутни се оштетувања кои настанале како резултат на невнимание кога посебно изработените матрици со дел од испишаниот текст биле свртени наопаку, ваков е примерот со релјефот на кој се среќава композицијата Јошуа и Калеб. Исто така се среќаваат и оштетувања кои настанале во процесот на печење, при што некои релјефи, повеќе или помалку се деформирале и испукале.[26]

Сите овие погоре опишани оштетување се доказ за потеклото на релјефите, односно укажуваат на фактот дека грнчарската, односно скулпторската работилница се наоѓала во населбата на Виничкото Кале. Во оваа работилница се одвивал и целокупниот процес на изработка на релјефите, изработката на цртежот, изработката на калапот (на самиот калап се наоѓале иконографските претстави и сигнатурите и текстовите), сушењето и печењето на иконите.[27] Во прилог на ова како еден од поголемите докази ги наоѓаме во оштетувањата на релјефите кои настанале како резултат на присуството на домашни животни. Додека тера-

[25] Исто, 92 и Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 29

[26] Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 92-93

[27] Исто, 93

котните релјефи биле во процес на сушење, биле изложувани на сонце и распослани на земја, животните минувале покрај уште мокрите плочи и некои од нив настапиле на нив и оставиле траги. Овие теракотни релјефи сепак биле ставени во печката да бидат испечени, но подоцна најверојатно биле селектирани и исфрлени како неупотребливи, при што завршиле на местото на кое векови подоцна се пронајдени. Ако овие теракотни релјефи биле носени однекаде, од некое подалечно место, логично е дека вакви примери немало да бидат донесени на Виничкото Кале.[28] Треба да напоменеме дека со досегашните археолошки ископувања на Калето се уште не е откриена работилницата во која биле изработувани релјефите, но тоа не значи дека таа не постоела. Исто така не е откриена ниту печката во која тие биле печени.

Сметаме дека е важно да наведеме уште еден факт кој ни служи како доказ за тоа дека релјефите биле изработувани таму каде што се најдени, односно во населбата на Калето. Имено, самиот факт дека била вршена селекција на релјефите, преку која се утврдил технолошкиот шкарт ни укажува на тоа дека работилницата се наоѓала во самата населба. Инаку ако тие биле донесени од некаде тогаш немало потреба да се транспортира и технолошкиот шкарт. Бидејќи нелогично е материјал со толкава тежина (од 7.200 до 7.600 гр.) да биде донесен од некаде, а потоа да се врши селекција.[29]

Во прилог на погоре спомenатот треба да заклучиме дека овие теракотни релјефи биле изработувани во локална грнчарско-скулпторска работилница, од глина која се копала во околината. Технологијата за нивна изработка не била едноставна и се состоела од неколку фази. Имено, најпрвин мајсторот-скулптор изработувал матрица. Матрицата најверојатно била изрежана во цврста даска или пак, помалку веројатно, била моделирана како позитив релјеф во глина. Од овој позитив потоа се изработувал негатив во глина којшто се печел за да стане цврст. Следен чекор бил матрицата-негатив да се смести во калап (калапите можело да бидат од дрво или од метал) кој се исполнувал со добро прочистена и измесена глина (мешање на глина со вода). Откако таа фаза од работата била завршена плочата со релјеф била вадена од калапот се распостилала на земја и била оставена да се суши на сонце. По сушењето следувала фазата на печење кога плочите се ставале во печка, која била

[28] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 29

[29] Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија.* 93

направено специјално за таа намена, и на висока температура плочите биле печени.[30] По изработувањето на теракотните релјефи се пристапувало кон нивно селектирање и оценување на нивната техничка состојба.

Ние веќе погоре споменавме колку теми се застапени и ги набројавме, но поради целта на овој труд, ќе посветиме внимание на стилските карактеристики, односно на квалитетот и на иконите и на иконографските претстави. Ако ги погледнеме теракотните релјефи веднаш забележуваме две форми (правоаголна и квадратна), но исто така ќе забележеме дека од релјеф до релјеф има разлики во тие форми, односно не се правилни. Имено, поради самиот процес на изработка кај релјефите се забележуваат благи искривувања кои најверојатно настанале уште во фазата на сушење. Односно, теракотните релјефи, не биле доволно исушени за да се стават во печка, па при вадење од калапот тие се искривиле. Токму поради ова, дел од нив биле оценети како шкарт и фрлени на местото на кое многу подоцна се пронајдени. Релјефните форми кои се прикажани на самите теракоти, односно на приказот на светителите, псалмите и др. мајсторот ги изработувал со големо внимание и кај нив можат да се констатираат оштетувања, кои настанале или во процесот на изработка или пак многу подоцна.

Треба да напоменеме дека бојата на глината од која е направени теракотните релјефи се разликува од релјеф до релјеф, односно, може да се забележи глина со посветла нијанса (сивкасто-кафеава) и глина која има потемна нијанса (црвеникаво-кафеава.) Покрај ова, на самите релјефи, пред се' на оние кои се пронајдени цели, се забалежуваат пукнатини. Овие пукнатини настанале во процесот на изработка, но можеби и како резултат на удар или пад. Додека се сушела иконата на сонце таа до одреден степен станувала сува и потоа се ставала во печката за да биде испечена. Многу често поради големата температура во самата печка или пак поради долгото печење настанувале пукнатини на теракотните релјефи. Пукнатини можеле да се јават и ако релјефот паднел на тврда подлога или пак посериозно оштетување можело да настане во фазата на археолошките ископувања, кога при ударот на алатот тие се оштетувале. Треба да напоменеме дека оштетувањата од последниот пример биле доста ретки, речиси и да ги немало. На теракотните релјефи на прв поглед се приметуваат траги кои ги оставил и процесот на печење. Имено, кај некои од релјефите може да се забележат изгореници,

---

[30] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност*. 29-31

односно на самиот релјеф има дел или делови кои се речиси црни. Најверојатно поради високата температура во печката или пак поради предолгото печење дошло до овие оштетувања. Дали овие теракотни релјефи биле пуштени во употреба или не, не можеме да кажеме со сигурност, бидејќи и тие се најдени претежно во депонијата со останатите.

Веќе споменавме дека покрај секоја иконографска претстава се наоѓа и текст кој е испишан на латински јазик, а самиот текст исто така е во релјефна форма. Ќе напоменеме некои од палеографските особености кои се карактеристични за теракотните релјефи. Тие се особено корисни и помагаат во периодизацијата на теракотните релјефи, односно со нивна помош може да се одреди временската рамка во која тие биле направени. Текстовите се пишувани на латински јазик со големи букви кај кои се среќаваат извесни неправилности (пред се' во формата). Дел од овие букви се речиси зарамнети и ова настанало најверојатно уште во процесот на изработка. Најверојатно при вадењето од калапот дел од буквите се оштетиле односно се зарамниле. Текстовите се видливи и со поголемо внимание можат да се читаат, во прв ред кај целосно сочуваните релјефи, а делумно и кај фрагментите. При опсежна палеографска анализа на буквите некои научници се на мислење дека тиее биле изработувани од различни мајстори. Имено, Х. Меловски, според графијата на буквите ги дели релјефите во три групи. Според истиот истражувач првата група во која ги сместува релјефите со квадратна форма биле изработувани од еден мајстор, вторaта група во која ги сместува релјефите со правоаголна форма биле изработувани од друг мајстор и трета група, во која спаѓаат релјефите пред се' поради капителниот облик на одредени букви. Понатаму заклучува дека имајќи ги предвид разликите кои се јавуваат, јасно е тоа дека не само што релјефите биле изработувани од различни мајстори, туку тие биле изработувани дијахроно, а не истовремено.[31]

Според погоре произнесеното може да се согласиме со констатацијата која ја даваат некои истражувачи, а тоа е дека постоела добро организирана работилница во која се произведувале теракотните релјефи. Во таа работилница имало одреден вид на хиерархиска поставеност, најверојатно еден главен мајстор (констатацијата на Х. Меловски за различни мајстори и различен временски период на нивна изработка е сосема прифатлива и не е спротивно на оваа констатација), потоа неколку

---

[31] Меловски, Х. "Керамичките икони од Виничко Кале". 182. Повеќе за палеографската анализа види кај Истиот, 181-183

квалификувани помошници и одреден борј на неквалификувани работници. Последните биле учесници во процесот на ископувањето, транспортот, ситнењето и прочистувањето на глината и нејзина подготовка за изработка, односно подготвувањето на глинената смеса.[32]

Покрај сите погоре разгледани дискутабилни прашања се јавува уште едно, а тоа е прашањето поврзано со намената на теракотните релјефи. За тоа која била нивната намена и функција постојат неколку различни мислења, кои секако се поткрепени со факти и докази. Имено, на задната страна на теракотните релјефи, цели и фрагментирани, се забележуваа траги од малтер, што несомнено дава податоци за нивното користење. Според присуството на малтер (дебелината на малтерот изнесува околу 2 cm)[33] може да се заклучи дека тие биле залепени за ѕид во некој верски објект. Дали биле користени во домовите на верниците, како што и ден денес се користат иконите, не можеме со сигурност да потврдиме.

Едно од мислењата е дека овие релјефни плочи, биле користени како внатрешна оплата на некој ранохристијански објект (базилика). Целта на ова била просторот во овој објект ликовно и иконографски да биде збогатен, а присуството на релјефните плочки, се смета дека делувале поучно врз присутните верници.[34] Неколку фрагментирани релјефни плочки биле пронајдени и во внатрешноста на базиликата на Виничкото Кале. Меѓутоа и покрај присуството на малтер на задната страна на некои од релјефите, досега не е пронајдена ниту една релјефна плочка, цела или фрагментирана, аплицирана на некој од ѕидовите на базиликата. Важно е да напоменеме дека има претпоставки дека овие релјефни плочки биле порачани и изработени за декорација на базиликата во населбата која се наоѓала на Виничкото Кале. Исто така, се претпоставува дека релјефните плочки можеле да се произведуваат за продажба, а тоа би значело дека тие би биле купувани и аплицирани и во други храмови или гробници кои се наоѓале во околината на Виница, но и во некои објекти во подалечните региони. Сепак ова не е потврдено со археолошките истражувања, заклучува К. Балабанов.[35]

---

[32] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 33

[33]Исто..., 31

[34] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница.* 133-134

[35] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 31

Погоре видовме размислување и претпоставки дека овие релјефи биле аплицрани на ѕидовите од базиликата или гробници. Во прилог на второво, односно дека тие биле аплицирани на ѕидовите на гробниците е и размислувањето на проф. Е. Димитрова. Според неа теракотите биле користени како декоративна оплата која била аплицирана на ѕидовите во камените гробници кои постоеле во доцноантичката населба која се наоѓала на локалитетот Виничко Кале.[36] Оваа своја констатација, проф. Димитрова ја произнесува врз база на анализата на иконографските прикази кои се застапени на теракотните релјефи, како и религиските текстови кои се присутни на иконите.

Присутно е и мислењето дека овие теракотни релјефи биле користени како декоративни елементи во градбите од јавен карактер кои се наоѓале во населбата.[37]

Досега видовме размислувања дека релјефите биле аплицирани на ѕидови на објекти (базилика или гробници) но на внатрешната страна. Во науката присутно е мислењето дека овие релјефи кои секако припаѓале не некое христијанско светилиште биле употребувани како украси и христијански обележја, но од надворешната страна. Според академик Б. Алексова ова коинцидира со христијанските цркви од Баргала и Крупиште но од словенско време, а овие цркви биле обележани со загадочни знаци и глаголски и кирилски букви. Заклучува дека ова имало за цел привлекување на народот кон црквата и христијанската вера.[38]

На крај се поставува прашањето кое исто како и претходно разгледаните прашања е доста дискутабилно и интересно. Тоа е прашањето кое можеме да кажеме е тесно поврзано со прашањето околу датирањето на теракотните релјефи. Имено, станува збор за временскиот интервал и временските услови кога на овие релјефи им престанала употребата. Како и за погоре разгледаните прашања, така и за ова имаме различни мислења. Веќе напоменавме дека временската рамка во која тие биле изработени се сместува во периодот од IV до IX век. Можеме да кажеме дека и воедно оваа временска рамка е и периодот во кој овие релјефи биле употребувани. Во врска со ова, ќе ги анализираме размислувањата на истражувачите.

Едно од мислењата е дека овие икони биле уништени во времето на императорот Лав III (717-741), односно во времето кога се јавува ико-

[36] Димитрова, Е. *Виничката мистерија*. 261

[37] Манаскова, М. *Хомеровиот Ахил во христијански контекст примерот на теракотите од Виничко Кале*. 34-38

[38] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница*. 134

ноклаизмот. Оваа констатација доаѓа од таму бидејќи на иконите се забележуваат претстави на светци, што е спротивно на иконоклаистичкото сфаќање. Латинскиот текст на иконите пак, исто така би можел да биде причина за нивно уништување. Македонија во 733 г. потпаднала под јурисдикција на Константинопол, а тоа значело укинување на латинското писмо. Кога овие теракотни релјефи биле депонирани како отпад тешко е да се претпостави.[39]

Во науката присутно е мислењето дека базиликата која била украсена со овие релјефни плочки (во случајот наречени релјефно изработени градежни тули), на кои како што видовме, се наоѓаат латински букви и сигнатури, била изградена или пак бил обновен постар ранохристијански објект за време на престојот на Латинската мисија.[40] Според Б. Алексова, која го застапува ова мислење, латинскиот клир покрстувањето и богослужбата го изведувал на латински јазик, па оттука и употребата на латинските букви на градежниот материјал (теракотните релјефни плочки). Според неа постоело можност базиликата украсена со релјефно украсените тули, да бил срушен од грчкото свештенство после 870 г. или посигурно тоа го направил клирот кој бил обучен од Св. Климент.[41]

Престанокот на употребата на виничките теракотни релјефи, според некои мислења, треба да се бара кон крајот на VII век. Имено, во овој временски период за време на некои од судирите помеѓу Словените кои веќе биле населени на оваа територија и продорот на дуги племиња, меѓу кои и бугарските племенски групации кои настојувале да го заземат местото на Словените утврдената населба која се наоѓала на локалитетот Виничко Кале била опожарена и разурната.[42] Од ова размислување можеме да резимираме дека, според авторот, сите овие настани, резултирале со уништување и на базликата, а воедно и на теракотните икони.

Во науката присутно е мислењето дека виничките теракоти биле употребувани, а воедно и произведени во времето на императорто Анастасиј I (491-518). Односно тоа е периодот кон крајот на V и почето-

[39] Ѓорѓиевски, Д. "Прилог кон датирањето на виничките теракоти". 124

[40] Во периодот од 866 до 889 г. во југоисточните области на Балканскиот Полуостров христијанството меѓу Словените го ширела Латинска мисија раководена од епископи испратени од папата. Види повеќе Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница.* 134

[41] Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница.* 134-135

[42] Балабанов, К. *Каталог, Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност.* 38

кот на VI век.[43] До ова мислење е дојдено преку процесот на анализа на иконографијата и текстовите кои се застапени на виничките теракоти. Имено, иконографските претстави и текстови, според мислењето на Е. Димитрова припаѓале на монофизитизмот. Односно, овие теракотни релјефи биле изработувани и користени од монофизитите, чијшто приврзаник и патрон бил императорот Анастасиј I.[44] Имајќи го предвид ова мислење може да се заклучи дека по смртта на Анастасиј I и искачувањето на престолот во Константинопол на Јустин I (518-527), а особено на Јустинијан I 9527-565) монофизитското учење било осудено и монофизитските свештеници биле прогонети. Од ова произлегува дека по смртта на Анастасиј I теракотните релјефи од локалитетот Виничко Кале-Виница, како монофизитски реликвии биле исфрлени од употреба и завршиле во депонијата каде што многу векови подоцна се пронајдени.

Виничките теракотни релјефи несомнено претставуваат едни од најзначајните материјални остатоци од културно-историското минато на Македонија. Овие релјефи сметаме дека биле употребувани во периодот на монофизитизмот кој како еретичко учење во Византија имало поддршка и од еден од најзначајните византиски императори, Анастасиј I. Сметаме дека тие биле отстранети и уништени во времето на императорите Јустин I и Јустинијан I, кои го забраниле ова еретичко учење и го зацврстиле православното христијанство, односно го осудиле монофизитизмот и свештениците кои го почитувале биле прогонети. Нивната функција престанала по смртта на Анастасиј I и тогаш тие биле исфрлени од употреба. Најверојатно тие биле користени за внатрешна декорација на некои верски објекти или пак објекти користени од свештени лица. Сметаме дека овие релјефи целосно биле произведувани и користени во населбата која се наоѓала на локалитетот Виничко Кале. Глината била копана во неговата околина, а работичницата најверојатно се наоѓала во самата населба. Гоелмиот број на оштетувања кои настанале уште во процесот на изработка се уште еден доказ за оваа констатација. Нивната спектакуларност освен што се состои во нивната уметничка вредност, таа се состои и во степенот на мистериозност со кои се обвиени овие реликвии. Сметаме дека тие и понатаму во научната јавност ќе ја будат желбата за нивно истражување и изучување.

---

[43] Околу датирањето види и: Манаскова, М. *Хомеровиот Ахил во христијански контекст примерот на теракотите од Виничко Кале.* 34

[44] Види детално: Димитрова, Е. *Виничките теракоти.* 53-56 и Димитрова, Е. *Виничката мистерија.* 255-269

## БИБЛИОГРАФИЈА

Алексова, Б. *Епископијата на Брегалница-прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија*. ИИСК, Прилеп, 1989.

Балабанов, К. *Теракотните икони во Македонија*, Табернакул, Скопје, 1995.

Балабанов, К. *Каталог-Виница стар антички град и центар на ранохристијанската уметност (по повод на отворањето на првиот музеј во град Виница)*, Музеј на град Виница, Виница, 2006.

Димитрова, Е. *Керамичките релјефи од Виница*, Ѓурѓа, Скопје, 2000.

Димитрова, Е. *Виничката мистерија-Керамичката ризница од доцноантичкото кале*, Виница, 2012.

Манаскова, М. *Хомеровиот Ахил во христијански контекст примерот на теракотите од Виничко Кале*. Виница, 2024.

Гарашанин, М.- Гарашанин, Д. "Археолошке белешке са рекогносцирања у Источној Македонији". *ЗШНМ*, I, (1959).

Грбиќ, М. "Археолошки наоѓалишта во Македонија". *МКДМ*, I, бр. 9, (1954).

Ѓорѓиевски, Д. "Прилог кон датирањето на виничките теракоти". *Patrimonium,* V, (2012).

Jakimovski, A. Manaskova, M. "A proposal for a new dating of the terracotta reliefs from the archaeological site Vinicko Kale". *Ephemeries Napocensis*, XXXI, (2021).

Крстевски, Ц.- Белдедовски, З. "Рекогносцирање и наоди околу Виница 1978". *Macedoniae acta archaeologica*, 7-8, (1987).

Крстевски, Ц.-Соколовска, В. "Виничко Кале во раната антика". *Macedonia acta archaeological*, 20, (2011).

Мелоски, Х. "Керамичките икони од Виничко Кале", *Жива Антика, Посебни изданија*, 9 (1991).

Ile Velkov
ilevelkov993@gmail.com

## THE TERRACOTTA RELIEFS - ANALYSIS OF THE MATERIAL FROM WHICH THEY ARE MADE, THE PROCESS OF THEIR PRODUCTION AND THE TRACES DISCOVERED ON THEM

(summary)

The Vinica terracotta reliefs undoubtedly represent a significant material remnant of the past that can be found in our area, and they are also the only examples of this kind from early Christianity in our area and beyond. Despite the wide

range of scientific literature and research conducted regarding these significant artifacts, they are still shrouded in mystery.

The iconography and paleographical peculiarities have been elaborated and explained, but still in relation to these relief terracottas, there are still questions whose answers we cannot confirm with certainty. The fact that they were made in two forms with standard dimensions tells us that the master or masters who made them had clearly established standards for it. The plaster that is found on their back side tells us that they were hung in a certain period of time, here the discussions move in the direction that it was a wall of a tomb or a wall of a basilica.

The time period when they were made and used is also debatable, however we agree that the time frame corresponds to the period of the end of the 5th beginning of the 6th century. That is, they were massively used at a time when Monophysitism was on the scene in Byzantium, and were destroyed with the arrival of Justin I on the throne in Byzantium and the subsequent establishment of Orthodoxy in the Empire.

The traces of animals found on some of them tell us that the reliefs were not brought from somewhere in the settlement of Vinica Kale, but that they were made here. Just as the chemical analysis indicates that the clay from which they were made was dug in the vicinity of Vinicko Kale, so the traces of animals are another indicator of their place of manufacture.

We can freely conclude that these relief tiles represent products that were made in a certain period of time in the settlement that existed on Vinica Kale. They were made by local craftsmen in his or her workshop from clay dug in the area. The production process was strictly determined, and in the workshop itself there was a strictly determined hierarchical order and it was known exactly who had what task. First, the clay was kneaded, which was previously purified, then it was put into molds, the molds were dried in the sun, and then in an oven. Although, unfortunately, the research so far has not revealed the workshop or the kiln in which the terracottas were produced and baked, this does not deny the fact that they were made in the place where they were found.

In this paper, we tried through the process of archaeological traceology to contribute to answering the questions related to the place of production of the Vinica terracotta reliefs. Thus, during the research, the emphasis was placed on the traces found on the reliefs, the damages, the material from which they are made, the shape, etc.